РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 08-776/5
17. 11 2023 год.
ВЕЛЕС

# СОУ „Гимназија Кочо Рацин“
# Велес

# ПРОГРАМА

за изведување на завршна екскурзија

во учебната

2023/2024

НОЕМВРИ 2023

# ПРОГРАМА

## за изведување на шестдневна завршна екскурзија за учениците од трета година

### ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

**Предлог релација**: Велес – Венеција – Милано – Комо – ез. Дел гарда – Верона - Велес

**Време на реализација** – април/мај/јуни 2024 година

**Одговорен за екскурзијата** – Христина Леова

**Број на ученици** - најмалку 90 ученици +/- 20% од генерација

**Техничка организација** - безбеден туристички автобус, климатизиран со доволен број на седишта, сместување на учениците во хотел кој ги задоволува барањата и критериумите кои ќе бидат побарани од учениците.

**Начин на финансирање на екскурзијата**: Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите, вклучувајќи поволности за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства, попусти за плаќање во готово и попусти на повеќе членови од едно семејство;

Цените во понудите да бидат фиксни, односно да нема корекција на цените во текот на реализација на договорот.

### ЦЕЛИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:

- Непосредно запознавање со природните убавини на Венеција. Верона, Милано
- Запознавање на културни и естетски вредности во горенаведените градови и држава
- Усвојување и проширување на знаењата за европската култура, развивање на различните интереси на учениците;
- Запознавање со верските објекти, цитадели и цркви
- Запознавање со европска архитектура во градовите;
- Рекреација и културно изградување на учениците.

### ЗАДАЧИ:

- запознавање на различните култури и знаменитости во други земји
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви и европските градови;
- развивање чувство за заедништво, толеранција и соживот;
- на позитивен однос кон националните, интернационалните, културните и естетските вредности;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, солидарност и подобро взаемно запознавање.

## МАРШУТА НА ЕКСКУРЗИЈАТА

### 1 ден Велес – Венеција

Состанок на групата на претходно договорена локација во 16:45 часот (паркинг пред Кит-Го маркет во Велес). Поаѓање за Венеција во 17:00 часот, возење преку Република Србија со попатни паузи.

### 2 ден Венеција - Милано

Пристигнување во утринските часови и разглед на градот: плоштадот и црквата Св. Марко, Дуждевата палата, мостот на воздишките, кулата, мостот Риалто, каналот Гранде и други знаменисти. Слободно време за индивидуална прошетка низ преубавата Венеција. Во попладневните часови се упатуваме кон Милано, сместување во хотел и вечера. Ноќевање.

### 3 ден Милано

Појадок. Разгледување на градот со локален стручен водич, катедралата Дуомо, Галерија Виторио Емануеле, Систинската капела, Операта Ла Скала, посета на Боско Вертикале во областа Порта Нуова. Слободно време за прошетка или факултативна посета на фудбалски натпревар на стадионот Сан Сиро. Вечера, дискотека и ноќевање.

### 4 ден Комо и Монца

Во утринските часови, по појадок се упатуваме кон градчето Комо, разгледување на градот, Комо катедралата, прошетка покрај езерото и посета на вилата Балбианело (од филмовите со Џејмс Бонд). Поаѓање за Монца, разглед на градот, катедралата Монца, кралската вила, Формула 1 патеката. Пристигнување во Милано. Вечера, дискотека и ноќевање.

### 5 ден ез. Дел Гарда - Верона

После појадокот одјава од хотелот и поаѓање за Верона. Попатно застанување во градот Сирмионе на езерото Дел Гарда. Прошетка и разгледување. Поаѓање и пристигнување во Верона, разглед на градот, арената, плоштадот Ербе Данте и Бра, куќата на Јулија и други знаменитости. Слободно време за индивидуални прошетки по што во вечерните часови заминуваме за Велес.

### 6 ден пристигнување во Велес

Ноќно патување со попатни паузи. Пристигнување во Велес околу пладне.

## УЧЕСНИЦИ

Екскурзијата ќе се изведе со учениците од трета година (доколку пријавениот број на ученици е во согласност со пропишаните препораки од страна на Министерството за образование и наука), како и класните раководители.

1. Магдалена Сарагинова 3-1
2. Тања Чипевска 3-2
3. Елизабета Николовска 3-3
4. Христина Леова 3-4
5. Атанас Зафиров 3-5

## СТРУЧЕН ТИМ

Стручен тим за подготовка на Програмата за училишни екскурзии за III година за учебната 2023/2024 година е во состав:

1. Илија Попов – в.д.Директор
2. Бранка Донева – педагог
3. Анита Смилевска – психолог
4. Ленче Перчинковска – дефектолог
5. Магдалена Сарагинова – класен раководител
6. Тања Чипевска – класен раководител
7. Елизабета Николовска – класен раководител
8. Христина Леова – класен и рак. на екскурзија
9. Атанас Зафиров – класен раководител
10. Гордана Саздова –наставник

**Раководител на екскурзија:**

Христина Леова